ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО



ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

Еко свест
МЗМП
CNVP
Building a Greener Economic Environment

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО

**Издавач**
Македонско здружение на млади правници

**Автор**
Бојан Трпевски

**Проект**
Граѓанските организации во акција за климатските промени

**Спроведувачи**
Проектот го спроведува Центарот за истражување и информирање на животната средина Еко-Свест во соработка со Македонското здружение на млади правници - МЗПМ и Организацијата за поврзување на природни вредности и луѓе – ЦНВП

**Лектура**
Елеонора Стојкоска-Попетревска

**Графички дизајн**
Харис Муриќ

**Скопје, 2023**

Sweden
Sverige

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климата", поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

# СОДРЖИНА


КРАТЕНКИ 1

ВОВЕД 2

МЕТОДОЛОГИЈА 2

МАКЕДОНСКО ПРАВО ЗА ДОЛГОРОЧНО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 3

СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 6

ЗАКЛУЧОЦИ 9

ПРЕПОРАКИ 10

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АПСО** | Акциона програма за справување со опустинувањето и за ублажување на ефектите од суши |
| **ВО** | Водостопанска основа |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗЖС** | Закон за животната средина |
| **ЗКАВ** | Закон за квалитет на амбиентниот воздух |
| **ЗУО** | Закон за управување со отпадот |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **НАП** | Национален план за животна средина |
| **НПЕК** | Национален план за енергија и клима |
| **НПЗАВ** | Национален план за заштита на амбиентниот воздух |
| **НПКП** | Национален план за климатски промени |
| **НППРЕ** | Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции |
| **НПСО** | Национален план за справување со опустинувањето и за ублажувањето на ефектите од суши |
| **НСВ** | Национална стратегија за води |
| **ООН** | Организација на Обединетите нации |
| **ПРСРЕ** | Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката |
| **ПУО** | План за управување со отпад |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РПУО** | Регионален план за управување со отпад |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СРЕ** | Стратегија за развој на енергетиката |
| **СУО** | Стратегија за управување со отпад |
| **УНЦЦД** | Конвенција на Обединетите нации за борба против опустинување |

# ВОВЕД

Животната средина го опфаќа просторот во кој сите живи организми, вклучувајќи го и човекот, живеат и опстојуваат. Животот и функционирањето на луѓето опфаќаат искористување на медиумите на животната средина за економска или друг вид активност, притоа создавајќи процеси и производи што несомнено влијаат негативно на нашето опкружување. Би можеле да кажеме дека целта на нашето постоење е рационално и одржливо користење на природните ресурси, на начин што резултатите од ваквите процеси ќе имаат што е можно помало негативно влијание врз целокупната животна средина, што би значело и намалување на негативното влијание врз другите организми (растенија, животни, инсекти итн.).

Организирањето на луѓето во општества подразбира и предавање на суверенитетот на државата, која како општествен конструкт има обврска да се грижи за рационално искористување и управување со природните богатства и воспоставува правила и стандарди за минимизирање на загадувањето на животната средина.

Системот за искористување и управување со животната средина во македонското општество е регулиран со Уставот и многубројните закони и подзаконски акти од областа на животната средина. Законодавството уредува повеќе стратешки документи и планови, на централно ниво, чија цел е долгорочно планирање и управување со природните ресурси и минимизирање на негативните последици.

Овој документ го анализира спроведувањето на долгорочното стратешко управување со природните ресурси и управувањето со климатските промени на централно ниво.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Документот има цел да ги постигне следните истражувачки цели:

**• Да се идентификуваат најважните стратешки документи (стратегии и планови) за долгорочно управување со животната средина и климатските промени;**

**• Да се идентификува степенот на спроведување на законодавството за долгорочно управување со животната средина од формален и суштински аспект;**

**• Да се идентификуваат недостатоците во спроведување на законодавството.**

Методолошкиот пристап при изработката на документот вклучува примена на следните истражувачки методи:

• **Канцелариско истражување** – консултирање на националното релевантно право поврзано со воспоставување долгорочно управување со животната средина и климатските промени;

• **Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер** – користење на алатката за слободен пристап до информации од јавен карактер со цел да се приберат релевантни информации.

Документот го опфаќа периодот од 2016 година заклучно со март 2023 година.

# МАКЕДОНСКО ПРАВО ЗА ДОЛГОРОЧНО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

- Законот за животна средина претставува основен закон од областа и ги поставува основите за заштита и управување со животната средина. Овој закон ги воспоставува следните стратешки/плански документи:

  - **Национален акционен план за животната средина на Република Северна Македонија**[1] – Владата, на предлог на МЖСПП, го донесува НАП, кој има временско важење од 6 години. Доколку во текот на овие 6 години се изменат условите, тој треба да се обнови. Содржината на НАП е законски уредена. МЖСПП на секои 3 години до Владата доставува извештај за неговото спроведување;

  - **Национален план за климатски промени**[2] – Владата, на предлог на МЖСПП, го донесува НПКП, кој има временско важење од 6 години. Содржината на НПКП е законски определена и се изработува согласно усвоените документи на Рамковната конвенција за климатски промени на ООН. МЖСПП најмалку еднаш на 3 години ја известува Владата за спроведувањето на НПКП. Во содржината на НПКП влегуваат и:

    - **Националниот инвентар на антропогени емисии по изводи и понори на стакленички гасови,**[3] кој се изработува согласно усвоените документи од Рамковната конвенција за климатски промени на ООН, а се изготвува еднаш на 3 години;

    - **Акционен план за спречување на причините и за ублажување на негативните ефекти од климатските промени,**[4] кој има законски регулирана содржина и го носи Владата, на предлог на МЖСПП, а се ажурира по потреба, најмалку на секои 3 години;

- **Национален план за справување со опустинувањето и за ублажувањето на ефектите од суши**[5] - Владата, на предлог на МЖСПП, го донесува НПСО со временско важење од 6 години. Содржината е законски уредена и се изработува согласно усвоените документи на Секретаријатот на Рамковната конвенција на Обединетите нации за борба против опустинувањето. МЖСПП, во согласност со МЗШВ, до Владата поднесуваат извештај најмалку еднаш на 3 години за спроведувањето на НПСО. Планот содржи:

    - **Акциона програма за справување со опустинувањето и за ублажување на ефектите од суши**[6]**,** која има законски уредена содржина, а ја донесува Владата, на предлог на МЖСПП, во согласност со МЗШВ и се ажурира најмалку на секои 3 години.

[1] Закон за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник“ на РСМ бр. 89/2022 и 171/2022), член 60, 62 и 63
[2] Ibid, членови 187 и 190
[3] Ibid, член 188
[4] Ibid, член 189
[5] Ibid, член 191 и 193
[6] Ibid, член 192

- Енергетиката е нераскинливо поврзана со климатските промени. Имајќи го предвид ова, Законот за енергетика воспоставува:

  - **Стратегија за развој на енергетиката**[7] - има законски определена содржина и ја донесува Владата, на предлог на МЕ, а се носи на секои 5 години и се однесува за најмалку 20 години;

  - **Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката**[8] - има законски определена содржина и ја донесува Владата, на предлог на МЕ, за период од 5 години. ПРСРЕ треба да биде во согласност со обврските на државата со ратификуваните меѓународни договори, а МЕ до Владата доставува годишен извештај за спроведувањето;

  - **Национален план за енергија и клима**[9] - има законски уредена содржина и го донесува Владата, на предлог на МЕ, за период од најмалку 10 години со проекција за дополнителни 20 години. МЕ и МЖСПП на секои 2 години подготвуваат извештај за спроведувањето на НПЕК и го доставуваат до Владата и Секретаријатот на Енергетската заедница. Доколку спроведувањето не е во согласност со динамиката на индикативната траекторија, Владата најдоцна до 31 март следната година усвојува ревидиран НПЕК.

- Водата е природен ресурс важен за екосистемите и општествата, генерално, па Законот за водите, како основен закон што го третира управувањето и користењето на водите, воспоставува:

  - **Национална стратегија за води**[10] - има законски уредена содржина и ја носи Собранието, на предлог на Владата, и се однесува за период од 30 години;

  - **Водостопанска основа на Република Македонија**[11] - има законски уредена содржина и ја носи Собранието, на предлог на Владата, заради спроведување на НСВ. ВО се носи за период од 20 години, а задолжително се ревидира, изменува и/или дополнува на секои 10 години, а по потреба и порано.

- Отпадот е сериозен предизвик во Северна Македонија и е поврзан со климатските промени, па Законот за управување со отпад[12] како генерален закон во областа воспоставува:

  - **Стратегија за управување со отпадот** – ја донесува Владата, на предлог на МЖСПП, а се однесува за период од 12 години. Двата закона утврдуваат различна содржина на СУО,[13] а важечкиот закон утврдува дека задолжително се ревидира по 6 години;

  - **План за управување со отпадот на Републиката** – го донесува МЖСПП заради спроведување на СУО. Разликите помеѓу двата закона се однесуваат на временскиот период на важност, содржината, времетраењето на извештаите за следење и начинот на нивното доставување до Владата;[14]

7 Закон за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 236/2022), член 11

8 Ibid, член 12

9 Ibid, член 172

10 Закон за води („Службен весник на РМ“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/2021), член 62

11 Ibid, членови 63-65

12 Во истражувачкиот период во важност се два закона за управување со отпад, кои генерално ги утврдуваат истите типови стратешки документи: Закон за управување со отпадот („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020) и Закон за управување со отпадот („Службен весник на РСМ“ бр. 216/2021)

13 Закон за управување со отпадот („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020), член 16 став 2 Закон за управување со отпадот („Службен весник на РСМ“ бр. 216/2021), член 22 став 2

14 Закон за управување со отпадот („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020), член 17

- **Регионални планови за управување со отпад** – ги донесуваат општините, на предлог на меѓуопштинските одбори за управување со отпад, а по одобрување од МЖСПП. Разликите помеѓу двата закона главно се однесуваат на временскиот период на важност, содржината, времетраењето на извештаите за следење и начинот на нивното доставување до општините;[15]

- **План за спречување на создавање отпад[16]** - претставува новина во однос на претходниот закон. Го донесува МЖСПП за период од 6 години и нема точно, туку описно утврдена содржина, а може да се измени на секои 3 години по предлог на Управата за животна средина.

- Воздухот е медиумот за кој државата во континуитет се соочува со предизвици, па Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, како основен закон во оваа област, воспоставува:

  - **Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија[17]** - го донесува Владата, на предлог на МЖСПП, и се однесува на најмалку 5 години, а МЖСПП на секои 2 години ја известува Владата за спроведувањето. Содржината и начинот на изработка се правно уредени;

  - **Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции[18]** - ја донесува Владата, на предлог на МЖСПП, и нејзината содржина не е точно, туку е описно определена, но интересно е тоа што не е утврден периодот за кој се донесува, ниту точна временска обврска за нејзино ажурирање.

[15] Закон за управување со отпадот („Службен весник на РМ" бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020), член 18-а Закон за управување со отпадот („Службен весник на РСМ" бр. 216/2021), член 24

[16] Закон за управување со отпадот („Службен весник на РСМ" бр. 216/2021), член 25

[17] Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на РМ" бр. 67/2004, 92/2007, 35/2010, 47/2011, 59/2012, 163/2013, 10/2015 и 146/2015 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/2021), член 25

[18] Ibid, член 27-б и 27-в

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Преку семафор на усогласеност, оваа глава ќе даде податоци за степенот на спроведувањето на македонското законодавство за стратешкото управување со животната средина и климатските промени. Оценувањето на документите се врши преку следните критериуми:

1. Документот има соодветно временско важење
   a. Времетраењето на документот одговара на законската определеност
   b. Органот има донесено документи за времетраењето на целиот истражуван период

2. Содржината на документот одговара на законската уреденост
   a. Документот ја има во целост содржината утврдена во законот/во целост ги опфаќа темите утврдени во законот
   b. Документот содржи мерки (доколку е применливо)
      i. Мерките се временски ограничени

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

| Назив на документот | Донесен | Изменет | Следење | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **Национален акционен план за животната средина на Република Северна Македонија** | | | | Последниот НАП е донесен за периодот 2006-2012. МЖСПП упатува дека по 2012 е донесена Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020, но и таа во моментот е со истечена важност. Стратегијата за животна средина и климатски промени не е изрично регулирана во македонското законодавство. |
| **Национален план за климатски промени** | | | | Државата има изработено 4 НПКП, но по годините кога истите се издадени, може да се заклучи дека не се изработуваат редовно (НПКП 3 е издаден во 2014 година, додека НПКП 4 е издаден во 2023 година). Од пребарување на веб-страницата на Владата, не може точно да се утврди кога се усвоени овие два НПКП. Во однос на содржината, субјективно, притоа не навлегувајќи во стручноста на податоците, НПКП 4 е подобро структуриран и се забележува зголемување на обемот, а во однос на Акцискиот план и квалитетот на презентирање на податоците во однос на НПКП 3. Двата плана речиси во целост ја следат содржината од членовите 187 и 189 од ЗЖС, но во НПКП 3 нејасно е дали воопшто има економска анализа, поради тоа што дел од мерките немаат финансиска конструкција. Во двата плана акциски план е застапен во различни делови и не е единствена содржина, но за разлика од НПКП 4, во НПКП 3 поголем број од мерките немаат финансиска констукција, временска ограниченост и точно определени субјекти надлежни за имплементација. Од увид во веб-страницата www.klimatskipromeni.mk и www.vlada.mk не се забележуваат измени на Акцискиот план (член 189 став 4 од ЗЖС) или нов инвентар (член 188 став 4 од ЗЖС), ниту тригодишни извештаи на кои упатува членот 190 од ЗЖС. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Национален план за справување со опустинувањето и за ублажувањето на ефектите од суши** | | / / / | | Не се донесени НПСО за целиот истражуван период (изготвен е нацрт-НПСО во 2017 година, но поради барањата добиени од Секретаријатот на УНЦЦД, МЖСПП планира во следниот период да изврши ревизија на НПСО и АПСО според барањата од Секретаријатот и да ги достави финалните текстови на одобрување од Владата на РСМ); НПСО и АПСО во целост ја следат содржината од членовите 191 и 192 од ЗЖС, но иако е извршена анализа и процена на изворите на финансирање на предвидените мерки, не е јасно дали е предвидена точна процена на финансии за секоја мерка одделно. МЖСПП ќе пристапи кон дополнување и измена на ЗЖС за дефинирање на содржината на НПСО и целосно усогласување на македонското законодавство со новата стратешка рамка на УНЦЦД. |
| **Стратегија за развој на енергетиката** | | / / / | / / / | Во 2010 година е донесена СРЕ до 2030 година, а во 2020 година е донесена СРЕ до 2040 година. Документите ја следат содржината од Законот за енергетика кој важел во времето на нивното изработување и донесување. |
| **Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката** | | / / / | | За истражуваниот период донесена е само една програма (ПРСРЕ 2013-2017). На интернет-страницата на Министерството за економија е објавен нацрт-ПРСРЕ 2021-2025, но во одговорот добиен од МЕ не е наведено дека истата е усвоена. Програмите одговараат на времетраењето пропишано со законот и ја следат содржината што ја поставил Законот за енергетика кој важел во времето на нивното изготвување. ПРСРЕ не се носат навремено, односно за СРЕ до 2030 година ПРСРЕ требало да биде донесена до 2011 година, а е донесена во 2013 година, додека за СРЕ до 2040 година, иако е изработен нацрт-ПРСРЕ, произлегува дека не е усвоен.<br>Истовремено нема ПРСРЕ за периодот 2018-2020 година.<br>Во периодот на истражувањето изработен е еден извештај за реализација на ПРСРЕ 2013-2017 за периодот до јули 2016 година. Во извештајот е образложено дека поради тоа што проектите во енергетиката се долгорочни, не може да се постигнат значајни ефекти во едногодишен извештаен период. |
| **Национален план за енергија и клима** | | | | Владата на 31.5.2022 година, на 49-тата седница, го усвоила НПЕК 2022-2032. Во моментот на усвојување на НПЕК македонското законодавство не предвидувало ваков стратешки документ, туку тоа е сторено со измените на Законот за енергетика од ноември 2022 година. Иако е усвоен на 49-тата седница на Владата на 31.5.2022 година, НПЕК 2022-2032 не е објавен во „Службен весник“, а на што упатува Законот за енергетика.<br>Поради сите овие причини, не може да се смета дека усвоениот НПЕК 2022-2032 произведува правно дејство, па поради тоа и во овој документ се смета дека не е с уште исполнета обврската за донесување на НПЕК.<br><br>Дури и да се смета дека НПЕК 2022-2032 е донесен и објавен соодветно, не би биле изминати роковите за известување за неговото спроведување и евентуално негово изменување, па тие аспекти и не може да се анализираат во овој документ. |
| **Национална стратегија за води** | | / / / | / / / | Не вклучува конкретни инвестициски стратешки цели и приоритети, ниту мерки и активности за нивно спроведување. Стратегијата за води не ја одредува долгорочната политика за интегрирано управување со водните ресурси и одржлив развој и не дава технички и економски решенија за различните прашања за водите и временската рамка за нивна реализација.[19] |

[19] Прв Извештај во сенка за Поглавје 27 Република Северна Македонија 2021, Центар за климатски промени, достапно на: https://drive.google.com/-file/d/1z_O_oKUwV-LWaadXtprNCGlziFW4j-8Y/view

Извештај во сенка за Поглавје 27 за 2022 година, Центар за климатски промени, достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2023/01/final-shadow-re-port-mkd-22.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Водостопанска основа на Република Македонија** | | | | |
| **Стратегија за управување со отпадот** | | / / / | / / / | Донесена е Стратегија за управување со отпадот 2008-2020, а новата Стратегија ќе започне да се подготвува во втората половина на 2023 година во рамките на проект финансиран од ЕУ. СУО 2008-2020 во целост ги содржи темите од членот 16 од ЗУО кој важел во времето на изготвување на документот. |
| **План за управување со отпадот на Републиката** | | | | Во истражуваниот период постои само ПУО 2021-2031, додека важноста на претходниот ПУО истекла во 2015 година. ПУО 2021-2031 во целост ги содржи темите од членот 17 од ЗУО кој важел во времето на изготвување на документот.<br>Не може да се анализира дали соодветно се следи ПУО поради тоа што претходниот ПУО веќе бил истечен во истражуваниот период, додека рокот за подготвување на првиот извештај за ПУО 2021-2031 се уште не е изминат. |
| **Регионални планови за управување со отпад** | | / / / | | Донесени се регионални планови за сите региони во државата и сите во целост ја следат содржината од Правилникот за содржината на регионалниот план за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 63/2013), но РПУО за Југоисточниот регион е донесен во 2017 година, додека РПУО за Полошкиот регион е донесен во 2020 година. Одговорот добиен од МЖСПП не упатува дека за овие два региона претходно постоеле други РПУО.<br>Отсуствува следење на спроведувањето на РПУО. Во некои региони воопшто не е формиран меѓуопштински одбор за управување со отпад според ЗУО, некои од општините воопшто немаат информација дека за нивниот регион е донесен РПУО, ниту биле повикани да учествуваат и да дадат свои коментари при нивното изготвување, а кај некои општини се јавуваат нејаснотии за тоа кој треба да го следи спроведувањето на РПУО со оглед на тоа што планот на државата е некои региони да се спојат во поглед на регионалното управување со отпад (за два региона да има само една регионална депонија). |
| **План за спречување на создавање отпад** | | | / / / | Планот за спречување на создавање отпад е донесен во 2022 година и се уште не се исполнети законските услови за изменување. |
| **Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија** | | | | НПЗАВ е донесен за периодот 2013-2018 година со соодветно времетраење според ЗКАВ, а НППРЕ е донесена за периодот 2012-2020 година. Документите во најголем дел ја следат содржината утврдена со ЗКАВ.<br>Нови стратешки документи од областа на воздухот е планирано да се подготват во рамките на проект финансиран од ЕУ. Од 2020 досега е поништен еден процес за избор на изведувач (април 2022), па МЖСПП работи на објавување нова јавна набавка. |
| **Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции** | | | | |

# ЗАКЛУЧОЦИ

Иако законодавството воспоставува систем на стратешко управување со секторите во животната средина и климатските промени, би можело да се каже дека, сепак, немаме функционален систем за стратешко управување.

На пример:

i. Спроведувањето на СУО 2008-2020 требало да се врши преку ПУО, но последниот ПУО важел до 2015 година и не бил донесен нов се до 2021 година;

ii. Времетраењето на ПУО 2009-2015 е спротивно на временското важење што го пропишува ЗУО, кој важел во времето на усвојување на документот;

iii. Основа на регионалните планови за управување со отпадот се СУО и ПУО, но кога биле донесени регионалните планови во 2016, 2017 и 2020 година веќе била истечена важноста на ПУО 2009-2015;

iv. Регионалните планови за управување со отпадот не се донесени навремено и не се следи нивното спроведување.

ЗЖС воспоставува јасен систем за стратешко управување со климатските промени, во практика тој е комплициран и нејасен затоа што:

i. Македонското законодавство ги воспоставува само НПКП и НПЕК, но во практиката функционираат и:

   a. извештаите што државата ги доставува до ООН согласно Рамковната конвенција за климатските промени,

   b. до 2020 опстојувала Стратегија за животна средина и климатски промени, која не е регулирана со законодавството и

   c. долгорочната стратегија за климатска акција со акциски план, која е предвидена со Законот за климатска акција, кој се уште не е усвоен од Собранието;

ii. Не се изработуваат извештаи за следење на спроведувањето на НПКП;

iii. Во содржината на НПКП 3 се упатува на вториот и третиот извештај кој државата го доставила до ООН, па се добива впечаток дека овие извештаи го имаат приматот во однос на НПКП.

Во НПКП 3 повеќе пати се укажува на недоволни и несоодветни податоци со кои располага државата.

# ПРЕПОРАКИ

- МЗМП веќе истакна дека е потребно зголемување на капацитетите на Секторот за води[20] во рамките на Управата за животна средина во МЖСПП, но горе опишаната состојба укажува на потребата од функционална анализа во МЖСПП и зголемување на капацитетите и на другите сектори.

- Ваквите промени би требало да придонесат за подобро спроведување на законодавството за изготвување, изменување и следење на спроведувањето на стратешките документи од областа на животната средина и климатски промени.

- Државата би требало да воспостави постојан, систематски, ефикасен и доверлив систем за прибирање и чување податоци.

- Обврските преземени со ратификација на меѓународните договори мора да се исполнуваат, но тоа не би требало да биде на штета на механизмите воспоставени со домашното законодавство.

- Државата би требало да размисли дали треба да го измени македонското законодавство и тоа да ги следи обврските што државата ги има според меѓународното право, а со цел да не се дуплираат документи што уредуваат иста тема, а се со различно времетраење и содржина.

- Владата и Собранието треба да бидат поефикасни во изработувањето, односно донесувањето закони, како Законот за климатската акција, со што би се спречило усвојување стратешки документ пред да биде донесена законската основа за неговото усвојување. Ваквите промени би требало позитивно да придонесат за владеењето на правото и правната сигурност.

[20] Институционални капацитети на Секторот за води за управување и заштита на водите, Македонско здружение на млади правници, 2022 година, достапно на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/Zastita-na-vodite_WEB.pdf